Република Северна Македонија

## Агенција за управување со одземен имот

**Архивски број: 04-5180/9 од 24.12.2025 година**

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весникнаРСМ“27/14,199/14, 48/15, 154/15,5/16,80/16,127/16,142/16,2/17,16/17,11/18 и 275/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а согласно член 21 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка * („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24, 37/2 5, 86/25, 101/25 и 135/25),и Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 1070/2025 (10-2644/7 од 23.12.2025), Директорот на Агенцијата за управување со одземен имот, на ден 24.12.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за неизбор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас број 1070/2025**

1. За работно место Помлад соработник за информатичка поддршка, Одделение за општи работи , Сектор за оперативно работење, шифра на работно место УПР 01 01 В04 000, **не се врши избор на кандидат за вработување.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со јавниот оглас број 1070/2025 објавен на 27.11.2025 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха", пополнување на работно место Помлад соработник за информатичка поддршка, Одделение за општи работи , Сектор за оперативно работење, шифра на работно место УПР 01 01 В04 000, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение донесено од директорот на Агенцијата за администрација, спроведе постапка селекција за вработување по јавен оглас 1070/2025.

По спроведената постапка за административна селекција за вработување, испитот административен службеник организиран и спроведен од Агенцијата за администрација и спроведената проверка на веродостојност на доказите извршена од Комисијата за селекција, Агенцијата за администрација достави Предлог за вработување на кандидати со број 10-2644/7 од 23.12.2025 година со Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција. Со оглед на доставениот предлог дека

за работно место УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник за информатичка поддршка **нема кандидат кој се квалификува за вработување** , директорот на Агенцијата за управување со одземен имот одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација, во рок од 8(осум) дена од објавувањето на одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Директор на**
**Агенција за управување со одземен имот**
**Ирена Илиевска**

Доставено до:
-Агенција за Администрација
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива


Бул Киро Глигоров бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3209 087
www.odzemenimot.gov

Република Северна Македонија

## Агенција за управување со одземен имот

**Архивски број: 04-5180/8 од 24.12.2025 година**

Врз основа на член 21 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка * („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24, 37/2 5, 86/25, 101/25 и 135/25), а во согласност со член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РСМ" 27/14, 199/14, 48/15, 154/15,5/16,80/16,127/16,142/16,2/17,16/17,11/18 и 275/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Директорот на Агенцијата за управување со одземен имот, на ден 24.12.2025 година ја донесе следната:

### ОДЛУКА
**за избор на кандидат по Јавен оглас бр.1070/2025 за вработување на административни службеници**

1.Во врска со јавниот оглас бр.1070/2025, објавен на ден 27.11.2025 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен Печат" и „Коха", за пополнување на работно место **бр.1**: Раководител на Одделение за сметководство и плаќања, во Одделение за сметководство и реализација при Сектор за финансиски прашања, со шифра УПР0101Б04000, при Агенцијата за управување со одземен имот, 1 (еден) извршител, **се избира кандидатот Александар Лазаров, со идентификациски код FB2D88B.**

**2.** Именуваниот ќе биде вработениот на работното место од точка 1, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување на неопределено време.

**3.**Одлуката стапува во сила на денот со нејзиното донесување.

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По објавениот јавен оглас бр.1070/2025 од 27.11.2025 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен Печат" и „Коха", Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана од страна на Агенцијата за администрација со Решение за селекција за вработување по јавен оглас 1070/2025, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, спроведе административна селекција за административен службеник Записник бр. 10-2644/4 од 12.12.2025 година, Испит за административен службеник Записник бр.10-2644/5 од 22.12.2025 година, Проверка на веродостојност на докази и Интервју за административен службеник Записник бр. 10-2644/6 од 23.12.2025 година.


Бул Киро Глигоров бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3209 087
www.odzemenimot.gov

Република Северна Македонија

**Агенција за управување со одземен имот**

Согласно член 45 од Законот за административни службеници („ Службен весник на РСМ " 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и 275/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) , а врз основа на Ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидат по јавен оглас бр. 1070/2025 (бр. 10-2644/7 од 23.12.2025) , директорот на Агенцијата за управување со одземен имот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По завршувањето на постапката за избор, раководното лице на институцијата носи решение, односно склучува договор за вработување на неопределено време.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација, во рок од 8(осум) дена од објавувањето на одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Директор на**
**Агенција за управување со одземен имот**
**Ирена Илиевска**

Доставено до:
-Агенција за Администрација
-Избраниот кандидат
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива


Бул Киро Глигоров бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3209 087
www.odzemenimot.gov